ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број: 09-222/5**

**Дата: 10.12.2014**

ДО
СЕКРЕТАРИЈАТ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА РАМКОВНИОТ ДОГОВОР

## РЕЗИМЕ

Ревизијата на успешност - Ефикасност и ефективност на системот на финансиското управување и контрола и внатрешната ревизија кај Секретаријатот за спроведување на Рамковниот договор (во понатамошниот текст Секретаријатот) е спроведена со цел да се даде оценка за ефикасноста и ефективноста на финансиското управување и контрола, во делот на вршење на работите на ефикасен и ефективен начин, усогласување на работата со законите и актите, заштита на имотот, користење на буџетските средства, јакнење на одговорноста при извршување на задачите и внатрешната ревизија.

Ревизијата на успешност е извршена согласно Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2014 година.

Опфатот и доказите кои се обезбедени по пат на спроведување на техники и методологија од страна на ревизијата, даваат основа да го изразиме следниот заклучок:

Раководното лице на Секретаријатот има обврска за преземање мерки, политики и конкретни активности за пропишување на подзаконските и интерните акти, донесување и имплементација на процедурите за финансиско управување и контрола (планирање, извршување, мониторинг и известување) и внатрешната ревизија кои претставуваат предуслов за воспоставување на финансиско управување и контрола и внатрешна ревизија.

---

*Ревизорски тим:* *Овластен државен ревизор*

*1.*________________ ________________________
*2.*________________
*3.*________________

**РЕЗИМЕ - РЕВИЗИЈА НА УСПЕШНОСТ**
**ЕФИКАСНОСТ И ЕФЕКТИВНОСТ НА СИСТЕМОТ НА ФИНАНСИСКО УПРАВУВАЊЕ И КОНТРОЛА И ВНАТРЕШНА РЕВИЗИЈА ВО СЕКРЕТАРИЈАТОТ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА РАМКОВНИОТ ДОГОВОР**

Со извршената ревизија на финансиско управување и контрола во Секретаријатот констатиравме дека: донесени и имплементирани се стратешки планови, пропишани се и имплементирани се контроли, извршено е разграничување на одговорностите и овластувањата, воспоставени се контролни активности за редовно следење, усогласување и одобрување на евиденциите со соодветните документи, што упатува дека **делумно се преземени** потребните активности за воспоставување и обезбедување на ефикасност и ефективност на системот на финансиското управување и контрола за непречено остварување на целите на Секретаријатот.
Постојат можности за подобрување на функционирањето и развојот на системот на финансиско управување и контрола во делот на имплементација на донесената стратегија за управување со ризиците, продолжување на отпочнатите активности за верификација на извршената ex-post контрола, донесување на пишани процедури од областа на информации и комуникации, како и спроведување на пописот на средствата и обврските согласно законската регулатива.

Со извршената ревизија во Секретаријатот констатиравме дека не е воспоставена единица за внатрешна ревизија, што упатува дека не се преземени потребните активности за воспоставување и обезбедување на ефикасност и ефективност на внатрешната ревизија за непречено остварување на целите на Секретаријатот.

Ревизорските активности кои ревизорскиот тим ги спроведе во Секретаријатот беа насочени кон повеќе области:

- Правната рамка и стратешките документи;
- Финансиско управување и контрола, во делот на:
    - Компонентите: контролна средина, управување со ризик, контролни активности, информации и комуникации и мониторинг;
    - Процесите: инвентарисување на средствата и обврските и доделување на договорите за јавни набавки и плаќање на набавките;
- Внатрешна ревизија.

Периодот кој беше опфатен со ревизијата на успешност е 2013 година и тековната 2014 година.

Од утврдените ризици во текот на ревизијата, произлегоа заклучоци, кои се основа за изготвување на ревизорска програма на активности. Ревизорската програма опфати активности за обезбедување на доволно комплетни и релевантни докази од Секретаријатот, врз основа на кои се сними состојбата и се донесоа заклучоци во рамките на поставените ревизорски цели.

## РЕЗИМЕ - РЕВИЗИЈА НА УСПЕШНОСТ
## ЕФИКАСНОСТ И ЕФЕКТИВНОСТ НА СИСТЕМОТ НА ФИНАНСИСКО УПРАВУВАЊЕ И КОНТРОЛА И ВНАТРЕШНА РЕВИЗИЈА ВО СЕКРЕТАРИЈАТОТ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА РАМКОВНИОТ ДОГОВОР

Состојбите кои се прикажани во Конечниот извештај се резултат на применетите постапки на ревизија со цел постигнување на објективна и реална оценка на тековните состојби за ефикасноста и ефективноста на системот на финансиското управување и контрола и внатрешната ревизија, детектирање на клучните фактори кои влијаат врз ефикасноста, нивна анализа, утврдување на причините за постојната состојба и креирање на јасни и реални препораки по кои надлежните лица треба да постапат.

Како резултат на извршената ревизија, констатирани се одредени состојби со кои е поткрепен ревизорскиот заклучок, а кои се дадени во продолжение според ризичните области:

- Во рамките на донесувањето и примената на стратешките документи Секретаријатот во периодот на вршење на ревизијата има донесено Стратегија за управување со ризици, како основа за ефикасното креирање на политиките во работењето и успешна реализација на поставените цели;
- Контролното опкружување во Секретаријатот е на задоволително ниво. Секретаријатот ги има донесено и имплементирано актите за внатрешна организација и систематизација и врши нивно редовно ажурирање, воспоставен е сектор за финансиски прашања, донесен е и имплементиран кодекс на однесување, воспоставен е полугодишен систем за оценување на вработените, донесен е План за воспоставување и развој на финансиското управување и контрола, како и донесен е и имплементиран интерен акт за текот на движење на финансиската документација;
- Во Секретаријатот воспоставени се контролни активности со што е овозможено разграничување на овластувањата и одговорностите, воспоставени се ex ante и ex post финансиски контроли, со исклучок на ex post контролата која се врши без потпис за што во текот на вршење на ревизијата преземени се мерки ex post контролата да се врши со потпис;
- Во делот на функционирањето на информациониот систем констатиравме присуство на ризици поради недонесен стратешки план за ИТ системите, како и недонесени пишани политики и процедури за користење и пристап до ресурсите во информационите системи;
- во делот на информации и комуникации констатиравме дека и покрај воспоставениот начин на информирање и комуницирање, не се пропишани јасни и прецизни правила и инструкции за подготвување, извршување, пренесување, употреба и архивирање на документи за сите оперативни процеси, поради што постои ризик за развој на ефикасен

систем на информации и комуникација внатре во организацијата и опкружувањето, за што е потребно да се продолжат отпочнатите активности за донесување на истите.

- Во Секретаријатот постои потреба за преземање активности за зајакнување на мониторингот со цел раководството да обезбеди разумно уверување за ефикасноста на системот на внатрешна контрола;
- Во Секретаријатот, со воспоставениот систем на интерни контроли во процесот на набавките, голем дел од активностите се покриени со контроли. Комплетирањето на досието со изјави за непостоење судир на интереси од одговорното лице, ќе придонесе за зајакнување на контролните механизми.
- Воспоставениот систем на интерни контроли во процесот на спроведување на плаќањата во Секретаријатот функционира согласно законските одредби освен во делот на ex-post финансиска контрола за што е потребно да се продолжи со започнатите активности истата да се врши со потпис.
- Во делот на спроведувањето на активностите за извршување на пописот утврдивме присуство на ризици што може да имаат влијание при финансиското известување односно во искажувањето и потврдувањето на позициите во Билансот на состојба на ден 31.12.2013 година.
- Заради невоспоставена внатрешна ревизија, постои потреба за преземање на активности за добивање на согласност за вработување или за распоредување на државен службеник во истиот орган на друго работно место.

Во насока на надминување на утврдените состојби, ревизијата даде препораки со цел преземање мерки за надминување на истите. Препораките произлезени од оваа ревизија се насочени кон подобрување на системот на финансиското управување и контрола и внатрешната ревизија.

Од страна на одговорното лице на субјектот за кој е вршена ревизијата, не се добиени забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор.